Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 371/0306
06.12 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30 ноември 2021 година, врз основа на примена жалба од Љупка Новеска Андонова, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот со наслов „Алсат објави список на патници кои се превезувале со автобусот кој изгоре во Бугарија“, објавен на веб – страницата на телевизија „Телма“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 23 ноември 2021 година, Љупка Новеска Андонова поднесе жалба за текстот со наслов „Алсат објави список на патници кои се превезувале со автобусот кој изгоре во Бугарија“, објавен на 23 ноември 2021 година, на веб – страницата на телевизија Телма (www.telma.com.mk).

Во поднесена жалба се наведува дека текстот содржи нарушување на приватноста.

Жалителката појаснува дека спорната вест која е пренесена од ТВ Телма, иницијално била објавена од Алсат. Таа посочува дека текстот содржи наводни имиња и презимиња на сите патници кои биле качени на автобусот кој рано изутрината изгорел на автопат во Бугарија.

*„Веста крајно ја нарушува приватноста на загинатите и нивните семејства и е одраз на непрофесионално новинарство кое цели кон сензационализам и треба да биде предмет на осуда“,* вели Новеска Андонова во поднесената претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија Телма и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот се прекршени членовите 7 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес“.*

***Член 8:*** *„Во судските постапки треба да се почитува принциот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.“*

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека телевизија „Телма“ не е член на Советот за етика во медиумите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 30 ноември 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Станува збор за текст кој отстапува од новинарските начела за известување за несреќи и трагедии. На веб-страницата на телевизија „Телма“ е објавен список со наводни имиња и презимиња од сите 52 патници кои се превезувале во автобусот кој се запали во Бугарија, кога загинаа 45 лица. Содржината е преземена од друг портал, што во случајов, не го ослободува медиумот од морална одговорност. Објавувањето на идентитетот на патниците од несреќата без официјална потврда од релевантна институција не може да се протолкува поинаку освен како сензационализам. Ова уште повеќе што списокот на патниците е објавен пред воопшто да се потврди идентитетот на преживеаните.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 8** од Кодексот на новинарите, кој налага дека начинот на информирање во случаи на несреќи и семејни трагедии мора да биде ослободен од сензационализми.

Кога се известува за несреќи, криминал или акција на полицијата, медиумите генерално треба да се воздржуваат од објавувања имиња, фотографии или други податоци кои би овозможиле идентификување на жртвите.

Во продолжение, Комисијата се согласи дека во содржината објавена на веб-страницата на „Телма “ е прекршен и **членот 7** од Кодексот на новинарите, според кој новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост. Кога известуваат за настани кои предизвикале лични трагедии, болка и шок – новинарите, фоторепортерите и снимателите треба да покажат сочувство, дискреција и обѕир. Правото на јавноста да знае мора секогаш да се процени во однос на правото на личноста да ја зачува својата приватност.

На крајот, Комисијата констатираше дека информацијата е преземена од веб-страницата на телевизија „Алсат“, чиј текст не е предмет на жалба пред Советот за етика. Во оваа насока, Комисијата апелира до медиумите во случаи на несреќи и трагедии да се повикуваат на официјални извори и релевантни институции.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595